КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
23.03.2017
Прилог Вредност
03 46

Агенција за поддршка на претприемништвото
на Република Македонија АППРМ
Бр. 03 - 138/1
21.03. 2017 год.
СКОПЈЕ

АПП

**Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија**

**Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија**

Со цел развој и соработка во делот на инженерското и градежно претприемништво, а во согласност со заедничките интереси и меѓусебната соработка на двете институции, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција), и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора), во Скопје го потпишуваат следниот:

# МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на заедничкото делување и реализација на цели од заеднички интерес, на следните начини:

- Реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и сл.) на теми поврзани со инженерското и градежно претприемништвото, поддршката на развојот на МСП, инженерството и архитектурата и др.

- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија и Агенцијата во активности или во настани кои ќе третираат теми од областа на инженерското и градежно претприемништвото, поддршката на развојот на МСП, инженерството и архитектурата во Република Македонија.

- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија и Агенцијата особено во процесот на изготвување на предлог документи или мерки за развој на МСП, инженерството и архитектурата, каде крајни корисници би биле МСП.

- Соработка меѓу Агенцијата и Комората при промовирање и конкретно учество на експерти од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија во

Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија преку Програмската активност на Агенцијата - субвенционирано ваучерското советување.

- Учество во заеднички проекти во областа на високото образование, истражувачки проекти, проекти од областа на претприемништвото, промотивни проекти, проекти за развој и поголема конкурентност, интернационализација, институционализација и трансфер на знаења кон МСП, како и заштита на интересите на овластените архитекти и овластените инженери, односно интересите на трети лица при вршењето на работите на овластените архитекти и овластените инженери.
- Други активности неспомнати погоре за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на меморандумот.

Овој меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

**Скопје, 9.3.2017 година**

**потпис и м.п.**

**Проф.д-р Миле Димитровски**
**Претседател**

Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

**потпис и м.п.**

**Мустафа Мандал**
**Директор**

Директор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија